Врз основа на член 24 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО

1. ВОВЕД

Во оваа Национална програма за безбедност во воздухопловството – State Safety Programme (во понатамошниот текст: SSP) се утврдува националниот систем во врска со управувањето со безбедноста во воздухопловството во Република Северна Македонија. Во неа се опишува како делумно различните услови, и во многу случаи услови кои се преклопуваат во меѓународните прописи и стандарди од областа на воздухопловството, се применуваат во Република Северна Македонија.

Спроведувањето на управувањето со безбедноста во воздухопловството во Република Северна Македонија се врши во согласност со оваа програма и целните вредности за безбедноста во однос на придржувањето кои се утврдени од страна на субјектите на воздухопловната индустрија во соработка со Агенцијата за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: АЦВ). Дејностите и мерките кои треба да се преземат од страна на АЦВ и субјектите на воздухопловната индустрија заради спроведување на оваа програма се дефинирани во Националниот план за безбедност во воздухопловството - National Aviation Safety Plan (во понатамошниот текст: NASP), утврден од страна на АЦВ согласно член 24 став (2) од Законот за воздухопловство за период од пет години по претходно добиена согласност од Националниот комитет за управување со безбедноста во воздухопловството – National Aviation Safety Committee (во понатамошниот текст: NASC). NASC го следи придржувањето кон политиката за безбедност и целите, индикаторите и целните вредности на ефикасноста на безбедноста во воздухопловството, утврдени од страна на АЦВ за период од пет години.
Исто така, во оваа програма се определуваат и поправните активности кои треба да се преземат од страна на субјектите на воздухопловната индустрија доколку се утврдат отстапувања од SSP и другите прописи за безбедност на воздухопловството.

Структурата на овој документ е во согласност со структурата на SSP предложена во Док. 9859 на ICAO – Прирачник за управување со безбедноста (SMM) и Анекс 19 на ICAO – Управување со безбедноста.

Слика бр. 1: Компоненти на Националната програма за безбедност



2. КРАТЕНКИ И ДЕФИНИЦИИ

[R]	*Reference* Референца
ATMP/ANSP	*Air Traffic Management Provider/Air Navigation Services Provider* Давател на ATM/ANS услуги
ALOSP	*Acceptable Levels of Safety Performance* Прифатливи нивоа на ефикасноста на безбедност
AME	*Aircraft Maintenance Engineer* Инженер за одржување на воздухоплови
ANS	*Air Navigation Services* Услуги на воздухопловната навигација
ARC	*Aviation Regulations Code* Зборник на воздухопловни прописи
CAA	*Civil aviation Agency* Агенција за цивилно воздухопловство (АЦВ)
CMA	*Continuous Monitoring Approach* Пристап на континуирано следење
DOA	*Design Organisation Approval* Одобрение на организација за проектирање
EASA	*European Aviation Safety Agency* Европска агенција за безбедност на воздухопловството
EASP	*European Aviation Safety Programme* Европска програма за безбедност на воздухопловството
ECAC	*European Civil Aviation Conference* Европска конференција за цивилно воздухопловство
ECCAIRS	*European Coordination Centre for Accident and Incident Reporting Systems* Европски координативен центар за системите за пријавување на воздухопловни несреќи и инциденти
EPAS	*European Plan for Aviation Safety* Европски план за безбедност на воздухопловството
EUROCONTROL	*European Organisation for Safety of Air Navigation* Европска организација за безбедност на воздухопловната навигација
HR	*Human Resources* Човечки ресурси
ICAO	*International Civil Aviation Organisation* Меѓународна организација за цивилното воздухопловство
M–NAV	*Macedonian Air Navigation Service Provider* Македонски давател на услуги на воздухопловната навигација
NSA	*National Supervisory Authority* Национален орган за надзор
NASC	*National Aviation Safety Committee* Национален комитет за управување со безбедноста на воздухопловството
POA	*Production Organisation Approval* Одобрение на организација за производство
SAR	*Search and Rescue* Потрага и спасување
SARPs	*Standards and Recommended Practices*

	Стандарди и препорачани практики
SES	*Single European Sky* Единствено европско небо
SESAR	*Single European Sky ATM Research* Истражување за АТМ во Единственото европско небо
SMS	*Safety Management System* Систем за управување со безбедноста
SPI	*Safety Performance Indicator* Индикатори на ефикасноста на безбедноста
SSP	*State Safety Programme* Национална програма за безбедност
TBD	*To be developed* Треба да се изработи
TMA	*Terminal Manoeuvring Area* Завршни површини за маневрирање
USOAP	*Universal Safety Oversight Audit Programme* Универзална програма за контрола на надзорот врз безбедноста

3. КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ВОЗДУХОПЛОВНИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија располага со релативно мала воздухопловна индустрија и со воспоставена АЦВ како регулаторно тело за безбедност во воздухопловството. АЦВ како регулаторно тело е правно и финансиски независна од другите државни органи, јавно правни лица и субјектите на воздухопловната индустрија.

Врз основа на оценската мисија спроведена во 2016 година од страна на ICAO, утврдено е дека Република Северна Македонија има постигнато ефективна имплементација од 79% на стандардите и препорачаните практики на ICAO. Со ова достигнување уште во 2016 година се постигна целта број 2 од Doc 10004 - Глобален план за безбедност во воздухопловството 2026-2028 (Global Aviation Safety Plan 2026–2028), односно државите да имаат постигнато ефективна имплементација од 75% до 2024 година. Утврдениот степен на ефективна имплементација е потврда на усогласеноста на Република Северна Македонија со SARPs на ICAO поврзани со безбедноста, кои се содржани во 17 од постојните 19 Анекси на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство (т.н. Чикаго Конвенција, од 1944 година).

Во АЦВ годишно се пријавуваат околу 100 настани поврзани со безбедноста во воздухопловството. Од анализата на истите може да се заклучи дека трендот на пријавување на настани треба да се зголеми со охрабрување на сите субјекти на воздухопловната индустрија за почитување на културата на правичност. Основата за успешно функционирање на оваа програма во голем обем зависи од степенот на пријавување на настаните што претставува еден од главните извори за добивање информации релевантни за безбедноста во воздухопловството.

Во Република Северна Македонија во моментот нема авиопревозник кој поседува уверение за исполнување на безбедносните услови за вршење на комерцијален воздушен транспорт (во понатамошниот текст: AOC). Постои мал број на регистрирани воздухоплови кои најчесто се овластени за вршење на некомерцијални и специјализирани летачки операции, како и четири организации/центри за обука за стекнување на дозвола за комерцијален и приватен пилот (CPL/PPL) и пилот на лесни воздухоплови (LAPL), неколку организации/центри за обуки за пилоти на ултралесни воздухоплови, параглајдери и падобрани, три центри за утрдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството (центри за воздухопловна медицина) и една организација/центар за обука на воздухопловно-технички персонал - авиомеханичари за одржување на воздухоплови. Исто така, постои центар за обука на персонал за давање на ATM/ANS услуги, како и два центри за обука за англиски јазик во областа на воздухопловството. Постои единствен давател на ATM/ANS услуги (ATMP/ANSP), два меѓународни аеродроми, во Скопје и Охрид и осум спортски аеродроми кои се користат за генерална и спортска авијација.

Аеродромот во Скопје опслужува околу 25 000 движења годишно, од кои најголемиот број се меѓународни редовни летови, со 3,2 милиони патници и товар од 4 000 метрички тони. Аеродромот во Охрид е помал, со приближно 2 000 движења годишно, од кои најголемиот број се меѓународни редовни летови, со 270 000 патници и товар од 0,5 метрички тони. И двата аеродрома се во близина на планински терен, имаат ILS само на една полетно – слетна патека и се без приоди од типот на GNSS. Временските прилики се опишуваат како генерално добри, со можности за бури во пролет, а во

Скопје магла во декември и јануари. Оператор на аеродромите во Скопје и Охрид е ТАВ-Македонија кој оперира со истите врз основа на договор за концесија потпишан во 2008 година. Операторот на аеродромите има воспоставен систем SMS.

Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација „М-НАВ“ АД – Скопје е ATMP/ANSP кој е дезигниран од Владата на Република Северна Македонија за давање на ATM/ANS услуги на ексклузивна основа во воздухопловно информативниот регион на Република Северна Македонија во кој се одвиваат околу 3000000 летови годишно. ATMP/ANSP има воспоставен SMS.

Во согласност со Законот за воздухопловство, Координативниот центар за спасување како дел од Центарот за управување со кризи (ЦУК) организира и ги координира активностите на потрага и спасување во цивилното воздухопловство. Координативниот центар за спасување ја координира потрагата и спасувањето на воздухоплов кој претрпел несреќа или има потреба за спасување, а во случај на операции во опасни ситуации, се ангажираат воени и полициски хеликоптери.

4. НАЦИОНАЛЕН РЕГУЛАТОРЕН СИСТЕМ ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО

Во согласност со член 5 од Законот за воздухопловство за регулирање и спроведување на работите од областа на цивилното воздухопловство надлежни се Министерството за транспорт и АЦВ, а за регулирање и спроведување на работите поврзани со потребите на државните воздухоплови надлежни се:

- Министерството за одбрана за воздухопловите кога вршат воени активности преку Воено-воздухопловниот авторитет кој е функционално одвоен од операторот на воздухопловите, командите и единиците кои се под негова контрола,
- Министерството за внатрешни работи, односно Агенцијата за национална безбедност за воздухопловите кога вршат полициски активности и
- Министерството за финансии – Царинската управа за воздухопловите кога вршат царински активности.

Цивилното воздухопловство е регулирано преку закони и подзаконски акти, како и со ратификувани меѓународни договори со кои се преземени меѓународни или европски стандарди и регулативи/директиви на Европската Унија во областа на воздухопловството. Собранието на Република Северна Македонија е одговорно за донесување на законите од областа на воздухопловството, како и за ратификација на меѓународните спогодби и конвенции, додека подзаконските акти од областа на цивилното воздухопловство се донесуваат од страна на Владата на Република Северна Македонија, Министерство за транспорт или АЦВ.

Националниот правен систем во областа на воздухопловството во Република Северна Македонија подетално е опишан во точката 5.1 Национална правна рамка за безбедност во воздухопловството на оваа програма.

5. НАЦИОНАЛНА ПОЛИТИКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО И ЦЕЛИ

5.1 Национална правна рамка за безбедност во воздухопловството

Во Република Северна Македонија, безбедноста на цивилното воздухопловство се уредува со правни акти, кои се засновани на Регулативите и Директивите на

Европската Унија, прифатливите начини на усогласување и упатствата за примена (AMC/GM) на EASA, документите на EUROCONTROL, како и стандардите и препорачаните практики на ICAO кои согласно член 3 од Законот за воздухопловство се транспонираат во законодавството на Република Северна Македонија.

Правната рамка за безбедност во цивилното воздухопловство се состои од Законот за воздухопловство, како и соодветните подзаконски акти кои произлегуваат од него.

Во Законот за воздухопловство се регулираат:

а) надлежностите на Министерството за транспорт;
б) надлежностите на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти;
в) надлежностите на АЦВ;
г) надлежностите на воздухопловните инспектори (во понатамошниот текст: инспектори);
д) правото на пристап во просториите на субјектите на воздухопловната индустрија, како и до релевантните информации и
ѓ) политиката за спроведување на мерки во случај на повреда на прописите, вклучувајќи ги и административните мерки, со што ѝ се овозможува на АЦВ да изрекува глоба или да издава наредби и забрани, како и да поведе прекршочна постапка пред надлежен суд во случај на неплаќање на глобата до утврдените датуми.

Во глава 3. Безбедност од Законот за воздухопловство е утврдена правна основа за изработка на оваа програма и на NASP, политика за безбедност и цели, индикатори и целни вредности на ефикасноста на безбедноста, како и обврска за воведување на системи за управување со безбедноста и основа за формирање на NASC, вклучувајќи го и неговото членство и одговорностите.

Во безбедноста во цивилното воздухопловство во Република Северна Македонија директно или индиректно се вклучени следните субјекти:

- Министерството за транспорт;
- АЦВ;
- Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти;
- Цивилно – воениот комитет и
- Субјектите на воздухопловната индустрија, и тоа: авиопревозниците, овластените организации за градба и одржување на воздухоплови, операторите на аеродроми, ATMP/ANSP, организациите/центрите за обука на персоналот во воздухопловството и центрите за воздухопловна медицина.

АЦВ води евиденција на сите прописи од областа на воздухопловството, како и на ратификуваните меѓународни спогодби кои се во сила. Евиденцијата е јавно достапна како Збирка на воздухопловни прописи – ЗВП (Aviation Regulations Code – ARC) на интернет страната на АЦВ: www.caa.gov.mk.

5.1.1. Главни закони и други прописи од областа на безбедност во воздухопловството се:

а) Законот за воздухопловство;

б) Закони за ратификација на меѓународни конвенции или спогодби:

- Закон за ратификација на Мултилатералната спогодба помеѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област (ЕЗВО) и

- Закон за ратификација на Протоколот за утврдување на пречистениот текст на Меѓународната конвенција на EUROCONTROL за соработка во безбедноста на воздушниот сообраќај, од 13 декември 1960 година, со разните измени и дополнувања.

5.1.2. Подзаконски прописи, вклучувајќи ги и оперативните директиви за безбедност

Законот за воздухопловство ја утврдува надлежноста на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за транспорт, односно АЦВ за донесување на подзаконски прописи за следните области:

- Издавање на дозволи и обука на персоналот во воздухопловството;
- Операции на воздухоплови;
- Пловидбеност на воздухоплови;
- Истрага на воздухопловни несреќи и инциденти;
- ATM/ANS услуги;
- Аеродроми и помошни средства на земја и
- Воздухопловна медицина.

Согласно член 3 од Законот за воздухопловство, подзаконските прописи од областа на воздухопловството се изработуваат согласно прифатените меѓународни воздухопловни стандарди, препорачаните практики и легислативата на Европската Унија, односно EASA, ICAO, ECAC и EUROCONTROL, како и ратификуваните меѓународни договори.

5.1.3. Материјал со упатства за субјектите на воздухопловната индустрија

АЦВ изготвува упатства за примена или оперативни директиви за безбедност со цел да се обезбеди соодветна примена на правната рамка од областа на безбедност во воздухопловството од страна на субјектите на воздухопловната индустрија во Република Северна Македонија.

5.1.4. Разгледување и ажурирање на правната рамка

Согласно преземените обврски со Мултилатералната спогодба за ЕЗВО, АЦВ постојано ја следи меѓународната регулаторна рамка од областа на воздухопловството и покренува постапка за усогласување на правниот систем на Република Северна Македонија со истата.

5.1.5. Рамка и одговорности на цивилната воздухопловна власт

Законот за воздухопловство содржи одредби за воспоставување на АЦВ како независно регулаторно тело, за органите на управување, нивниот состав, одговорности

и надлежности, како и за надлежностите на АЦВ. АЦВ за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија.

Органи на управување на АЦВ се Управниот одбор и директорот. Собранието на Република Северна Македонија ги именува претседателот и членовите на Управниот одбор, додека Управниот одбор го избира директорот на АЦВ.

АЦВ ги извршува следните задачи поврзани со безбедноста на воздухопловството:

а) Регулирање на безбедноста, што подразбира транспонирање на меѓународните воздухопловни стандарди, препорачани практики и легислатива на Европската Унија, односно EASA, ECAC и EUROCONTROL, како и ратификуваните меѓународни договори.

Регулирањето на безбедноста претставува нормативна дејност на АЦВ, која има за цел да се креира правна рамка за безбедност која воздухопловната индустрија треба да ја применува. Оваа дејност опфаќа изработка на предлози и донесување на прописи со цел да се постигне усогласување со меѓународните воздухопловни стандарди и препорачани практики од областа на воздухопловството, како и учество во постапката за склучување на меѓународни спогодби. Дополнително, оваа дејност опфаќа и постапување по државни писма на ICAO со предлог и усвоени амандмани на меѓународните стандарди и препорачани практики од областа на воздухопловството и утврдување на разлики помеѓу националните прописи и меѓународните стандарди преку EFOD USOAP системот на ICAO.

б) Сертификација и надзор на безбедноста во воздухопловството што опфаќа издавање на уверенија, надзор и преземање на мерки кои се однесуваат на авиопревозниците, операторите на аеродромската инфраструктура, давателите на аеродромски и земски услуги, давателот на ATM/ANS услуги, здравствените прегледи на персоналот во воздухопловството, организациите кои се ангажирани во производство, проектирање и одржување на воздухопловите, регистрација на воздухопловите, потрага и спасување на воздухоплови и истрага на воздухопловни инциденти и настани, како и издавање на дозволи и овластувања на персоналот во воздухопловството.

Главни акти со кои се утврдува институционалната структура и организацијата на АЦВ, вклучувајќи го и надзорот врз безбедноста во воздухопловството се:

- Правилникот за внатрешна организација на Агенцијата за цивилно воздухопловство;
- Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата за цивилно воздухопловство и
- Статутот на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Во рамките на АЦВ со одлука на директорот се формира Одбор за безбедност чии задачи се помош на АЦВ во однос на спроведувањето на NASP, како и спроведување на активностите за управување со ризиците и други активности поврзани со безбедноста во воздухопловството.

Со цел следење на спроведувањето на NASP и донесување на одлуки за преземање на превентивни мерки за отстранување на опасностите по безбедноста во воздухопловството и ефикасно функционирање на целокупниот систем за безбедност

во воздухопловството со Законот за воздухопловство се предвидува Владата на Република Северна Македонија да формира Национален комитет за управување со безбедност во воздухопловството (NASC).


NASC е одговорен за SSP и нејзиното спроведување во Република Северна Македонија.

Негови постојани членови се:

- директорот на АЦВ, како претседател на NASC и кој е одговорен за управување (администрирање) и координирање на имплементацијата на SSP (во понатамошниот текст: одговорен раководител за SSP);
- претставници од Министерството за транспорт;
- претставници од Министерството за одбрана;
- претставници од Министерството за внатрешни работи;
- претставници од АЦВ;
- претседателот на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти;
- претставници од давателот на ATM/ANS услуги;
- претставници од операторот на воздухопловно пристаниште и
- претставници од здружение на оператори на воздухоплови.

За својата работа од страна на NASC се донесува Деловник во кој се дефинираат неговите одговорности и задачи.

NASC добива извештаи за безбедноста во воздухопловството од Одборот за безбедност во АЦВ, како и предлози за подобрување на ефикасноста на безбедноста од АЦВ, другите државни органи и субјектите на воздухопловната индустрија кои учествуваат во неговата работа.



Слика бр. 3: Структура на управувањето со безбедност на национално ниво

5.1.6. Документација и евиденција за SSP

Во АЦВ е воспоставен централен систем за документација како дел од интегрираниот систем за управување со квалитетот. Овој систем обезбедува соодветно складирање/прибирање, архивирање, заштита и повикување на сите документи кои се поврзани со активностите кои произлегуваат од SSP.

5.2. Организација на системот за управување со безбедноста во воздухопловството (одговорности и надлежности)

5.2.1. Развој на SSP

Врз основа на член 24 став (1) од Законот за воздухопловство, а со цел унапредување на системите за управување со безбедноста и постигнување на прифатливо ниво на безбедност во воздушниот сообраќај, АЦВ донесува SSP на предлог на NASC, а по претходно добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија. АЦВ е одговорна за спроведување на SSP во согласност со прифатените стандарди и препорачани практики од областа на воздухопловството.

Директорот на АЦВ е одговорен раководител за SSP. Одговорниот раководител за SSP:

1) е овластен и одговорен, во името на Република Северна Македонија, за спроведувањето и одржувањето на SSP во целиот воздухопловен систем на Република Северна Македонија;
2) е одговорен за обезбедување на човечки и материјални ресурси кои се неопходни за имплементација на SSP;
3) е овластен за издавање на уверенија на даватели на услуги, како и за надзор врз безбедноста од страна на одговорната организација за SSP и
4) одговара за координацијата на сите работи поврзани со SSP на Република Северна Македонија.

Со одлука на директорот на АЦВ како одговорен раководител за SSP во АЦВ е формиран Одбор за безбедност кој го координира раководителот на одделението за управување со безбедност и мониторинг на усогласеност, а се состои од раководителите на организационите единици на АЦВ, како и од претставници и консултанти од субјектите на воздухопловната индустрија, доколку за истото има потреба. Од страна на Одборот за безбедност се изготвува Деловник за работа кој го одобрува директорот на АЦВ како одговорен раководител за SSP. Одборот за безбедност соработува со Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, ANSP, операторот на аеродромите и други заинтересирани лица. Одборот за безбедност покрај останатите задолженија учествува во подготовката и одржувањето на NASP.

Одборот за безбедност врши анализа на недостатоците согласно прашалникот за SSP на ICAO. Резултатите од анализата се содржани во Извештајот од преиспитувањето на Националната програма за безбедност на воздухопловството и истите претставуваат основа за оваа програма.

5.2.2. Одговорности за SSP

АЦВ е одговорна за спроведување на надзорот врз безбедноста на цивилното воздухопловство во Република Северна Македонија.

Испитувањето на воздухопловните несреќи и сериозни инциденти го врши Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти. Одговорностите и надлежностите на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти се утврдени во Законот за воздухопловство и Уредбата за принципите по кои се води истражувањето на несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани на цивилни и државни воздухоплови, начинот на нивното пријавување, како и формата, содржината, начинот на водење на евиденцијата и начинот на издавањето и одземањето на службената легитимација на истражителите.

Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти е независен од Министерството за транспорт, како и од АЦВ. Комитетот за истрага на воздухопловни

несреќи и сериозни инциденти одговара пред Владата на Република Северна Македонија, која ги именува тројцата истражители.

Согласно членот 6 од Законот за воздухопловство Министерството за транспорт ги има следните одговорности и надлежности:

- ја подготвува Националната стратегија за развој на воздухопловството како оперативен документ со период на важност од десет години;
- ја реализира политиката на Владата на Република Северна Македонија во областа на воздухопловството;
- ја спроведува политиката на Владата на Република Северна Македонија при доделување на концесии од областа на воздухопловството;
- предлага закони од областа на воздухопловството и подготвува, донесува и изменува подзаконски акти кои се предвидени со Законот за воздухопловство, како и подзаконски акти со кои се пропишува спроведувањето на стандардите на Европската Унија и меѓународните стандарди, препорачани практики и нормативи од областа на воздухопловството во согласност со одредбите на Законот за воздухопловство;
- спроведува постапка за привремено ставање на концесија под привремена принудна управа (секвестар) и
- врши други работи утврдени со прописите од областа на воздухопловството.

Министерството за транспорт одговара пред Владата на Република Северна Македонија.



Слика бр. 4: Организациона структура на регулаторните и административните организации

5.2.3. Квалификации и обука на персоналот

Согласно барањата од Анекс 19 на ICAO, АЦВ континуирано го развива и одржува административниот капацитет преку обезбедување на обука и поддршка во одржувањето на стручните воздухопловни способности на својот персонал. За таа цел, АЦВ изготвува програми и планови за обука за својот персонал.

Индивидуалниот развој и потребите за обука на персоналот се проценуваат еднаш годишно или кога има измени во областите на одговорност на вработените. Проценките за обуката имаат за цел стандардизирање и подигнување на знаењата на вработените согласно воведувањата на измени во меѓународната и домашната правна рамка.

АЦВ води евиденција за планираната и завршената обука за секој вработен преку посебна алатка - HR–Tool.

5.2.4. Технички упатства и алатки

АЦВ му обезбедува на својот персонал ажурирани материјали, алатки и упатства кои се потребни за ефикасно извршување на должностите.

АЦВ им обезбедува на воздухопловните оператори во Република Северна Македонија да имаат навремен пристап до основните закони и подзаконски акти кон кои треба да се придржуваат. Ова се постигнува со одржување на ажурирани информации на интернет страната на АЦВ и преку известување за сите измени и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и за времето на нивното влегување во сила или отпочнувањето со примена. Исто така, АЦВ ги споделува информациите и преку организирање на семинари или состаноци со заинтересираните страни. Надворешната комуникација и обука подетално се утврдени во точката 8.2 Надворешна обука, комуникација и доставување на информации поврзани со безбедноста од оваа програма.

5.2.6. Национална политика за безбедност

Изјавата за националната политика за безбедност е развиена согласно целите од:

- Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот од 4 јули 2018 година, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Агенција на Европската Унија за безбедност на воздухопловството и за изменување и дополнување на Регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и Директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот и за укинување на Регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91 на Советот, изменета со ЕУ Регулативата бр. 2021/1087 (во понатамошниот текст: ЕУ Регулативата 2018/1139) која е прифатена и директно се применува и која е објавена на интернет страната на АЦВ,
- EPAS, Том I „Стратешки приоритети“ (2023 - 2025), EPAS Том II „Акции“ 2026 издание, EPAS Том III „Портфолија за ризик за безбедност“ 2026 издание и
- ICAO, како што е утврдено во член 44 од Чикашката конвенција, која го опфаќа и условот „обезбедување на сигурен и правилен раст на меѓународното цивилно воздухопловство во целиот свет; задоволување на потребите на луѓето од целиот свет за безбеден, редовен, ефикасен и економичен воздушен сообраќај и унапредување на безбедноста на летањето во меѓународната воздухопловна навигација“.

Безбедноста претставува главен приоритет. За таа цел, Република Северна Македонија е посветена на развојот, спроведувањето и подобрувањето на стратегиите, системите и постапките за управување, како би се обезбедило дека сите дејности поврзани со воздухопловството се вршат на највисоко можно ниво на ефикасност на безбедноста.

Република Северна Македонија е посветена да даде свој придонес за највисокото можно ниво на безбедност за воздухопловната мрежа во Европската Унија, да ги одржува и, каде е можно, намалува ризиците по безбедноста и обезбедувањето кои се поврзани со воздухопловството без разлика на порастот на сообраќајот.

Горенаведената посветеност опфаќа:

а) намалување на ризиците поврзани со операциите на воздухопловите до најниска реално можна/остварлива точка;

б) развој, спроведување и одржување на постапката за носење на прописи кои се засновани врз ефикасноста што се однесува на изготвување на нацрт правилници, стандарди, препорачани практики и процедури во согласност со меѓународните услови;

в) активен развој и подобрување на нашите постапки за безбедност со цел придржување кон и, ако е можно, надминување на националните и меѓународните услови и стандарди за безбедност;

г) јасно дефинирање на обврски и одговорности на сите чинители на безбедноста во воздухопловството на Република Северна Македонија во однос на развојот и доставувањето на стратегијата и ефикасноста на безбедноста во воздухопловството;

д) обезбедување дека персоналот на сите чинители на безбедноста во воздухопловството на Република Северна Македонија добива адекватни и соодветни информации и обука и дека е стручен за прашања од областа на безбедноста во воздухопловството, преку доделување на задачи кои одговараат на неговата стручност;

ѓ) воспоставување и мерење на ефикасноста на безбедноста наспроти реалните индикатори на безбедноста и целните вредности на безбедноста;

е) обезбедување дека со надзорот врз безбедноста во цивилното воздухопловство се овозможува постигнување на највисоките стандарди за безбедност;

ж) соработка и советување со субјектите на воздухопловната индустрија заради решавање на прашања од областа на безбедноста и постојано унапредување на безбедноста на воздухопловството;

з) промовирање на добра практика за безбедност и позитивно организирање на културата за безбедност во рамките на индустријата, заснова врз цврсти начела за управување со безбедноста;

ѕ) поттикнување на солидна култура на правичноста, со која сите вработени се поттикнуваат доброволно да ги пријавуваат информациите поврзани со безбедноста и

и) обезбедување дека воспоставувањето на ефективни системи за управување со безбедноста на воздухопловството претставува составен дел од воздухопловните активности, со цел постигнување на највисоки нивоа на стандардите и ефикасноста на безбедноста.

5.2.7. Национални прифатливи нивоа на безбедност

Република Северна Македонија е земја кандидат за членство во Европската Унија и заради тоа се стреми да постигне придржување кон европските целни вредности за безбедност на воздухопловството.

Европската воздухопловна безбедност функционира на две примарни, комплементарни нивоа - системски/регионално (ЕУ/EASA) и државно/давател на услуги (национални воздухопловни власти/индустрија) кои имаат за цел обезбедување на систематско управување со ризиците. Оваа структура ги комбинира Регулативите на ниво на Европската Унија над кои EASA врши надзор, со прилагодените системи за управување со безбедноста (SMS) кои се имплементираат на национално ниво.

Целните вредности на ЕУ/EASA се утврдени во:

- Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2019/317 на Комисијата, од 11 февруари 2019 година за утврдување на ефикасноста и за системот на наплата во Единственото европско небо и за укинување на ЕУ Регулативите 390/2013 и 391/2013;
- EPAS, Том I „Стратешки приоритети“ (2023 - 2025) кој е продолжен да се применува и во 2026 година, EPAS Том II „Акции“ 2026 издание, EPAS Том III „Портфолија за ризик за безбедност“ 2026 издание и
- Европскиот ATM главен план – Патоказ за постигнување на поефикасно воздухопловството во Европа (The Roadmap for Delivering High Performing Aviation for Europe).

Со цел успешно и ефикасно учество во реализацијата на европските целни вредности за безбедност, Република Северна Македонија на нивото држава/давател на услуги (национални воздухопловни власти/индустрија) утврдува нејзини целни вредности и SPI, притоа земајќи ја во предвид структурата за дефинирање и содржината на целните вредности на безбедност и соодветните SPIs дадени во EPAS, Том I „Стратешки приоритети“ (2023 - 2025) кој е продолжен да се применува и во 2026 година, EPAS Том II „Акции“ 2026 издание, EPAS Том III „Портфолија за ризик за безбедност“ 2026 издание.

Целните вредности на Република Северна Македонија се утврдуваат согласно SPI. Појдовна основа при нивното утврдување е целта ефикасно да се поддржи намалувањето на безбедносните прашања кои се идентификувани во EPAS од 2023 – 2025 година, имајќи ги предвид безбедносните прашања кои се идентификувани во Република Северна Македонија и фактот дека ризиците се зголемуваат пропорционално со квадратот на густината на сообраќајот (значи се зголемуваат девет пати при трикратен пораст на капацитетот).

Безбедносните прашања, целните вредности и SPIs се структурирани на:

- системски прашања;
- оперативни прашања и

- итни прашања.

АЦВ, како и EASA применува модел за класификација на настаните на три нивоа во кој:

- Ниво 1 се однесува на последиците (број на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти);
- Ниво 2 се однесува на работата на системот и се фокусира на некои критични прашања (најчести видови на сериозни несреќи) и
- Ниво 3 кое ги покажува причинските фактори од типот на инциденти од второто ниво.

Република Северна Македонија ги постигува високите стандарди на безбедноста во воздухопловството во контекст со европскиот стандард, преку утврдувањето на ALoSP, кои се во согласност со SPI утврдени во EASP.
Нивоата на безбедност во воздухопловството се утврдуваат преку цел, задача, индикатори и врска со GASP и RASP.

5.2.7.1 Ниво 1

Ниво 1 претставува одговорност на државата. Ова ниво го предлага АЦВ, а го потврдува NASC. Тоа претставува одобрена целна вредност на националната безбедност.

За комерцијалниот воздушен сообраќај Ниво 1 се дефинира на следниот начин:

- да нема воздухопловни несреќи и
- бројот на сериозни инциденти (на рута, во приод, TMA) да е помал од 90% од просекот во Европската Унија.

За генералната и спортската авијација, Ниво 1 се дефинира на следниот начин:

- да се намали бројот на воздухопловни несреќи и
- да се намали бројот на сериозни инциденти.

5.2.7.2 Ниво 2

Нивото 2 треба да се дефинира и искоординира со операторите и давателите на услуги. Прашањата кои се со висок ризик, а се утврдени од EASA и наведени во EPAS, Том I „Стратешки приоритети“ (2023 - 2025) кој е продолжен да се применува и во 2026 година, EPAS Том II „Акции“ 2026 издание, EPAS Том III „Портфолија за ризик за безбедност“ 2026 издание и се сметаат како појдовна точка и истите се прецизираат на состаноците со операторите и давателите на услуги и преку следење на актуелната ефикасност на безбедноста.

Претседателот на NASC, најмалку два пати годишно, покренува и води состаноци, заедно со операторите и давателите на услуги, и тоа во:

- првото тримесечје од годината со цел разгледување на резултатите од претходната година и договарање за поправните активности, ако е потребно и
- третото тримесечје од годината со цел договарање за SPI од Ниво 2 со целни вредности и нивоа на предупредување за следната календарска година и мерки

кои треба да се спроведат за да се обезбеди дека целните вредности од Ниво 1 можат да се исполнат.

Системски прашања

NASC во рамките на своите надлежности се грижи работењето на операторите и давателите на услуги да биде во согласност со меѓународните важечки стандарди и препорачани практики од областа на воздухопловството, а со цел значително намалување на ризиците по безбедноста. Системските подобрувања кои се преземаат во насока на подобрување на нивото на безбедност на воздухопловството претставуваат превентивни мерки. Меѓу нив спаѓа и ажурирањето на регулаторната рамка.

Оперативни прашања

Оперативни прашања се прашања кои веќе се појавиле и бараат внимание од засегнатите страни.

Итни прашања

Итни прашања се прашања кои се очекува да се појават поради измени (во системите, сообраќајот, културата) и истите можат да доведат до оперативни прашања ако не се третираат соодветно. SPI се развиваат во случај ако се утврдат итни прашања.

5.2.7.3 Ниво 3

Ниво 3 се однесува на операторите и давателите на услуги со цел да се отстранат причините за прашањата од Ниво 2. За таа цел, тие треба во детали да го опишат Нивото 3 и да ги дефинираат мерките и SPI заедно со целните вредности и за нив да ја известат АЦВ, која пак за истите доставува извештај до NASC, кој воедно ги следи мерките и SPI заедно со целните вредности од Ниво 3.

Имајќи предвид дека во земјата годишно има приближно 100-140 пријави за настани поврзани со безбедноста, бројот не е доволен да се обезбедат податоци за користење на целиот метод на ALoSP, кој се содржи во Прирачникот на ICAO за управување со безбедноста. Исто така, треба да се има во предвид фактот дека во Република Северна Македонија не постои авиопревозник со AOC, и од таа причина ќе недостасуваат статистички податоци за следење на податоците во лет (Flight Data Monitoring – FDM).

Република Северна Македонија би ги постигнала своите ALoSP кога сите параметри би се постигнале најмалку со толерантни резултати. Во Ниво 3 акцент се става на следење на главните индикатори на меѓународните ризици (безбедност на полетно–слетната патека, контролиран лет во терен или кон терен и губење на контролата за време на лет, и исто така настани во воздушниот сообраќај (ризик од судир во воздух)), бидејќи овие се најчести причини во пријавите за настани имајќи предвид дека операторот на аеродромот и ATMP/ANSP ја вршат главната воздухопловна активност во Република Северна Македонија.

ALoSP на предлог на Одборот за безбедност го утврдува АЦВ, а NASC ја следи ефикасноста во однос на целните вредности.

5.2.8.Мерки и субјекти одговорни за спроведување на прифатливите нивоа на безбедност

Мерките за спроведување на прифатливите нивоа на безбедност, субјектите кои се одговорни за активностите за постигнување на утврдените целни вредности и роковите за нивно спроведување се дефинираат во NASP.

5.2.9 Подобрување/разгледување на SSP

NASC, секоја година на вториот состанок, ја разгледува важечката SSP земајќи ги предвид отворените и новите прашања и решава за сите потреби за ажурирање на истата. Директорот на АЦВ како одговорен раководител за SSP го координира и раководи ажурирањето, доколку има потреба за тоа. Секоја измена на SSP се разгледува во однос на важечката регулатива на ICAO и Европската Унија, листата за проверка (чек листата) од анализата на ICAO за недостатоците на SSP и односните Протоколарни прашања од ICAO USOAP CMA.

5.3. Истрага на воздухопловни несреќи и инциденти

Согласно меѓународните стандарди за истрага на воздухопловни несреќи и инциденти, а имајќи ги предвид преземените обврски кон ICAO, техничката истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти во цивилното воздухопловство се врши независно од страна на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти. Комитетот е формиран согласно Одлука за формирање на Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти и се состои од тројца истражители кои ги именува Владата на Република Северна Македонија, од кои еден се избира за претседател на Комитетот. Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти е независен во своето работење и има неограничено право врз вршењето на техничките истраги. Независноста е обезбедена со членот 5 став (3) и членот 130 од Законот за воздухопловство.

Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти ги спроведува техничките истраги врз основа на претходно утврдени процедури, кои имаат за цел утврдување на можна причина/и за несреќата или инцидентот кои се испитуваат и, ако е соодветно, изготвување на препораки за безбедност со цел постојано да се подобрува нивото на безбедност во воздухопловството. Процедурите кои треба да се следат при спроведувањето на овие безбедносни истраги подлежат на постојана проценка на квалитетот заради нивно подобрување.

Целта на техничките истраги на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти не може да биде утврдување на вина или одговорност, туку тие се независни и се одвоени од каква и да било судска или истражна постапка за утврдување на вина или одговорност. Техничките истраги на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти се вршат на едноставен и соодветен начин без одлагање.

5.4. Национална политика за преземање на мерки

Со политиката за преземање на мерки се утврдуваат ситуациите во кои АЦВ треба да дејствува во случај кога ќе се утврди дека субјектите на воздухопловната индустрија отстапуваат од пропишаните услови за безбедност. Во неа се утврдуваат општите начела кои треба да се следат за време на вршење на надзорот врз спроведувањето и се утврдува правната рамка во која се пропишуваат овластувањата на инспекторите при извршувањето на нивните задачи. Оваа национална политика е дадена во Прирачник за преземање на мерки со цел обезбедување на примена на прописите од областа на

воздухопловството SQS-MAN-003 (Enforcement manual). Овој прирачник е наменет за воздухопловните инспектори на АЦВ и ги објаснува постапките кои треба да се следат при преземање на мерки во случај на констатиран прекршок, односно повреда (неправилност и/или недостаток) во спроведувањето на прописите од областа на воздухопловството од страна на инспекторите надлежни за вршење на континуиран надзор во соодветната област согласно Десеттиот дел - Надзор од Законот за воздухопловство. Сите инспектори во својата работа треба да се придржуваат до начелата и постапките содржани во овој прирачник.

Намената на политиката за преземање на мерки е:

а) да се обезбеди дека субјектите на воздухопловната индустрија постојано се придржуваат кон прописите и дека веднаш одговараат во ситуации кои претставуваат ризик по безбедноста во воздухопловството,
б) да се унапредува и одржува постојаното придржување и
в) да се обезбеди дека субјектите на воздухопловната индустрија ќе бидат санкционирани ако не ја исполнуваат обврската да ги почитуваат прописите кои се однесуваат на безбедноста во воздухопловството.

Целта на политиката за преземање на мерки е да се спречи загрозување на животите и здравјето на луѓето, како и на имотот, до што може да дојде како последица на непридржување кон нивото на безбедност во воздухопловството.

Во членот 153 (административни мерки) и членовите 159, 160 и 161 (прекршочни мерки) од Законот за воздухопловство се утврдуваат мерките кои може да се применат од страна на инспекторите за да се обезбеди почитување на законите и другите прописи од областа на безбедноста во воздухопловството.

Под административни мерки се подразбира изрекување на опомени, наредби, забрани и ограничувања, барање да се преземат корективни мерки, барање да се спроведат вонредни проверки на стручната и здравствената способост на персоналот во воздухопловството, суспендирање или одземање на исправи, задржување на странски воздухоплов на аеродром и друго. АЦВ може да преземе која било мерка/дејство (моментална или подолготрајна) со цел да се обезбеди безбедноста во одговорот на кој и да било пријавен или забележан настан. Во моментални мерки спаѓаат контакт со операторот или давателот на услуги и времено ограничување на нивните операции. Подолготрајните мерки може да опфаќаат одредување на целите на активностите за надзор или интервенција преку измени во прописите.

6. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ ПО БЕЗБЕДНОСТА

6.1. Услови за безбедност за SMS-от на операторите и давателите на услуги

Една од целите на политиката за безбедност во Република Северна Македонија е постојано подобрување на безбедносните процеси. За таа цел, правниот систем од областа на воздухопловството на Република Северна Македонија постојано се усогласува со прифатените меѓународни воздухопловни стандарди и препорачани практики како на ICAO, така и на Европската Унија согласно Мултилатералната спогодба за ЕЗВО.

Согласно условите наведени во Анекс 19 на ICAO – Систем за управување со безбедноста, организациите/центрите за обука за летање, вклучувајќи ги и овластените

здравствени установи за прегледи на персонал во воздухопловството (Анекс 1 на ICAO – Издавање на дозволи), авиопревозниците (Анекс 6 на ICAO – Операции на воздухопловите), организациите за одржување (Анекс 6 на ICAO – Операции на воздухопловите), организациите за проектирање и производство на воздухоплови (Анекс 8 на ICAO – Пловидбеност на воздухоплови), давателите на ATM/ANS услуги (Анекс 11 на ICAO – Услуги на воздушен сообраќај - ATS) и операторите на аеродроми (Анекс 14 на ICAO – Аеродроми) во Република Северна Македонија треба да воспостават SMS.

Воспоставувањето на SMS во овие субјекти на воздухопловната индустрија е и во согласност со ЕУ Регулативите кои се транспонирани врз основа на Мултилатералната спогодба за ЕЗВО, и тоа:

а) Општите услови за SMS за сите субјекти на воздухопловната индустрија се пропишани во ЕУ Регулативата 2018/1139;

б) Условите за SMS за авиопревозниците се пропишани во Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012 за утврдување на техничките услови и административни постапки поврзани со летачките операции;

в) Условите за SMS за овластените организации за одржување и организациите за управување со континуираната пловидбеност за одржување на воздухоплови и/или нивните составни делови, се пропишани во Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014 за постојана/континуирана пловидбеност на воздухоплови и воздухопловните производи, делови и уреди, како и за овластување на организации и персонал ангажиран во овие задачи;

г) Условите за SMS за организациите за проектирање и производство на воздухоплови и/или составни делови, се пропишани во Регулативата (ЕУ) бр. 748/2012 за утврдување на правила за спроведување за издавање на воздухопловите уверенија за пловидбеност и заштита на човекова околина и со нив поврзаните производи, делови и уреди како и за издавање на уверенија на организациите за проектирање и производство;

д) Условите за SMS за аеродромските оператори се пропишани во Регулативата (ЕУ) бр. 139/2014 за утврдување на условите и административните постапки кои се однесуваат на аеродромите;

ѓ) Условите за SMS за давателите на ATM/ANS услуги се пропишани во Регулативата (ЕУ) бр. 2017/373, за утврдување на заеднички услови за давање на ATM/ANS услуги;

е) Условите за SMS за овластените организации за обука се пропишани во Регулативата (ЕУ) бр. 1178/2011 за утврдување на техничките услови и административни постапки кои се однесуваат на членовите на екипажите на воздухопловите во цивилното воздухопловство и

ж) Условите за SMS за овластените здравствените установи за прегледи на персонал во воздухопловството се пропишани во Регулативата (ЕУ) бр. 1178/2011 за утврдување на техничките услови и административни постапки кои се однесуваат на членовите на екипажите на воздухопловите во цивилното воздухопловство.

6.2. Спогодба за ефикасноста на безбедноста на давателите на услуги

Важен дел од оваа програма за безбедност во воздухопловството претставува утврдувањето на SPI. Целта на АЦВ е да се постигне висок стандард на безбедноста во контекст со европскиот стандард, преку утврдувањето на ALoSP, кои се во согласност со SPI утврдени во EASP.

ALoSP во Република Северна Македонија се наведени во точка 5.2.7. Национални прифатливи нивоа на безбедност од оваа програма. Тие претставуваат основа врз која давателите на услуги ги развиваат своите сопствени целни вредности на безбедноста и SPI. Што се однесува на индивидуалните делови на воздухопловната индустрија (воздухоплови, операции на летање, контрола на летање, инфраструктура), соодветните нивоа се определуваат врз основа на расположливите европски информации за клучните податоци за безбедноста во воздухопловството. Овој процес се уште е во почетна фаза и истиот цврсто се фокусира врз развојот во цела Европа. И покрај тоа, со следење на индикаторите се добиваат информации за развојот на системот за безбедност и за успешноста и ефективноста на преземените мерки.

Секој давател на услуги ги зема предвид националните целни вредности за ефикасноста на безбедноста во воздухопловството се додека тие се однесуваат на активностите на тој давател на услуги. Понатаму, давателот на услуги проценува кои чекори треба да се преземат за да се постигне таа целна вредност, ги утврдува потребните безбедносни мерки и истите ги спроведува.

Откако ќе го утврди ALoSP, кое се однесува за операторите, односно давателите на услуги во различните области на воздухопловството, АЦВ го следи развојот на безбедноста на воздухопловството и презема соодветни мерки ако не е постигнато соодветното ниво на безбедност. ALoSP се користи како врска и упатство во развојот на активностите за воспоставување и унапредување на безбедноста во воздухопловството на национално ниво, но исто така и како алатка за давателите на услуги во развојот на системите за управување со безбедноста. Меѓународните стандарди и препорачани практики на ICAO и Европската Унија се земаат предвид при утврдувањето на нивото на безбедност во воздухопловството.

6.2.1. Периодична процена на резултатите или SMS на давателите на услуги

Периодичната процена на SMS на давателите на услуги претставува составен дел од севкупната програма и процедури за надзорот врз безбедноста во Република Северна Македонија. АЦВ има воспоставени детални системи за надзор, со кои се обезбедува вршење на периодични процени на SMS на давателите на услуги и истите се детално опишани во точката 7.1. Надзор врз безбедност во воздухопловството од оваа програма.

Надзорот врз SMS е поддржан со обуки на инспекторите во врска со SMS и листи за проверка (чек листи) кои ги изготвува АЦВ.

Постапката во која АЦВ ги прифаќа SPI на SMS на давателите на услуги вклучува:

а) Евалуација на избраните приоритети за безбедност, образложението и доказите со кои тие се поддржуваат, согласно критериумите како што се:

- усогласување со меѓународните приоритети,
- локални опасности, кои се формално проценети и
- податоците за SPI, како што се пријавите за настани поврзани со безбедноста.

б) Евалуација на избраните мерки за SPI, како валидни мерки за ризиците (и заради тоа средство за мерење на намалувањето на ризиците), согласно критериумите како што се:

- степенот до кој тие ја мерат веројатноста за, и обемот на, ризикот по безбедноста во воздухопловството,
- дали нивото на ризикот е секогаш исто (на пр. не секој губиток на раздвојување помеѓу воздухопловите носи сличен ризик) и дали ова соодветно се рефлектира во мерките и
- дали постојат влијанија врз мерките, што би можеле да воведат неповрзани и погрешни фактори (како на пр. кампања за промовирање на пријавување на настаните во воздухопловството која ќе резултира со дополнително пријавување, но ова не значи дека постои дополнителен ризик).

в) Евалуација за тоа дали целните вредности за SPI се соодветни, согласно критериумите како што се:

- дали целната вредност претставува доволно намалување на ризикот дека оперативната безбедност е соодветно заштитена (ако упад на полетно–слетната патека се случува два пати неделно, намалувањето на еднаш неделно се уште не е доволно, наспроти намалувањето од 50%),
- дали е реално да се постигне тоа со предложените мерки (ако не, можеби е соодветно да се измени било целната вредност или планот на активности, или и двете) и
- дали лицата кои се задолжени за спроведување на измените се консултирани, или дали се согласиле дека целните вредности можат да се постигнат.

6.2.2. Утврдување на опасности и процена на ризиците по безбедноста

Постапката за утврдување на опасностите и проценатa на ризиците по безбедноста е во согласност со постапката наведена во Прирачникот на ICAO за управување со безбедноста, Том 4 и истата е документирана во Прирачникот за управување со безбедноста во воздухопловството со процедури.

Утврдувањето на опасностите и проценатa на ризиците по безбедноста во воздухопловството се спроведува преку Одборот за безбедност на АЦВ.

Постапката за утврдување на опасностите се развива, со постојано користење на пријавите за настани, но исто така опфаќа и најразлични извори на информации, како што се:

- извештаи од истраги на воздухопловни несреќи и инциденти и извештаи од спроведени инспекции,
- меѓународни објавени приоритети од EPAS на EASA, ICAO EUR Регионалниот план за безбедност на воздухопловството и Глобалниот план за безбедност на воздухопловството на ICAO,
- спорни прашања кои ги покренуваат тимовите за безбедност на аеродромите во Скопје и Охрид (кои опфаќаат и прашања во врска со безбедноста на полетно–слетната патека),
- спорни прашања кои произлегуваат од SMS на давателите на услуги и од работните групи,
- извештаи од надзори кои ги вршеле инспекторите од АЦВ при посетите на давателите на услуги и

- стручното знаење и набљудувањата на тимот на АЦВ.

Ова претставува основа за постапка за утврдување на опасностите, која потоа ќе прогресира во процена на ризиците користејќи ја матрицата за ризици на ICAO и постапката опишана во Прирачникот на ICAO за управување со безбедноста, Том 4.

6.2.3. Управување со ризиците по безбедност

Со цел да се воспостави систем за управување со ризиците по безбедноста, АЦВ спроведува корективни мерки преку кои се решаваат прашањата од областа на безбедноста во воздухопловството и се води евиденција за комуникациите и преземените мерки, вклучувајќи и преземање на мерки. Покрај тоа, директорот на Агенцијата согласно член 17 став (1) од Законот за воздухопловство може да издава оперативни директиви за безбедност со кои би се постигнало подобро управувањето со ризиците по безбедноста во воздухопловството во Република Северна Македонија.

Инспекторите и/или Одборот за безбедност во АЦВ директно ги утврдуваат ризиците по безбедноста во воздухопловството и тоа од пријавите за настани, прегледот на проценте на ризиците или SPI, како што е опишано во Прирачникот за управување со безбедноста во воздухопловството со процедури.

7. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО

7.1. Надзор врз безбедноста во воздухопловстото

Главните одговорности на АЦВ, како надлежен орган за надзор врз безбедноста, се утврдени во точката 5.1.5 Рамка и одговорности на цивилната воздухопловна власт од оваа програма. Како што е утврдено во Законот за воздухопловство, АЦВ преку инспекторите го спроведува надзорот врз безбедноста во воздухопловството, а исто така во Законот за воздухопловство се предвидува издавање на дополнителни наредби/директиви/циркулари и/или упатства како поддршка на активностите кои се однесуваат на надзорот врз безбедноста.

Програмата за надзор врз операторите и давателите на услуги се содржи во Годишниот план на АЦВ за инспекциски прегледи. Во него се содржат планираните инспекции на сите технички области на воздухопловната индустрија кои АЦВ ги регулира. Инспекторите ги предлагаат распоредите за секоја област, земајќи ја предвид ефикасноста на безбедноста на операторите и давателите на услуги, како и нивната големина и комплексност, при тоа посветувајќи посебно внимание на областите за кои постои поголема загриженост или ризик. Како што се развива користењето на SPIs и ALoPS, така постепено ќе станува поефикасно прилагодувањето на распоредите за надзор на ризиците.

За време на надзорните активности, инспекторите во АЦВ ги користат следните документи:

- Прирачник на NSA;
- LMM – 75 – Процедури за инспекциски ревизии (Прирачник за процедури за издавање на дозволи и воздухопловна медицина);
- Прирачник за персоналот кој врши инспекциски прегледи – Операции на летање;
- Прирачник за персоналот кој врши инспекциски прегледи – Пловидбеност;

- Прирачник за процедури за вршење на инспекциски прегледи на аеродроми, леталишта, терени и на аеродромските услуги.

Согласно член 146 од Законот за воздухопловство, инспекторите на АЦВ треба да имаат слободен и неограничен пристап до објектите и документацијата кои се прегледуваат.

АЦВ ги следи и анализира податоците поврзани со безбедноста и врз основа на доставените извештаи ги одредува областите на кои треба да се посвети посебно внимание, корективните активности и приоритетите во планирањето на инспекциските прегледи.

7.1.1. Програма за следење на континуираната пловидбеност на воздухопловите (ACAM)

Согласно Анекс I (Дел M) од ЕУ Регулативата бр. 1321/2014, АЦВ треба да изработи годишна програма за инспекциски прегледи преку проверки на примероци, со што треба да се следи состојбата на пловидбеноста на воздухопловите кои се впишани во Регистарот на воздухоплови на Република Северна Македонија. Овие инспекциски прегледи се конфигурирани како проверки на примероци на воздухоплов, кои АЦВ ги утврдува согласно утврдени критериуми кои се засновани врз знаењето на локалната воздухопловна реалност и врз резултатите од претходни надзорни активности.

Големината на примерок на воздухоплов и областите кои се од посебен интерес кои се предмет на надзор согласно програмата за ACAM се преиспитуваат врз основа на резултатите од инспекциските прегледи кои се извршени во претходната година, земајќи го предвид напредокот на индикаторите на ефикасноста на безбедноста кои АЦВ јасно ги утврдува.

7.1.2. Програма за процена на безбедноста на странски воздухоплови (SAFA)

Одговорноста за техничката подготвеност и работењето на авиопревозниците, како и за надзорот врз придржувањето кон стандардите за безбедност е на земјата на регистрација, преку нејзините национални надлежни органи. Од друга страна, во Чикашката конвенција се предвидува дека секоја земја има право да врши инспекциски прегледи на странски оператори кои летаат на нејзините аеродроми. Во таа смисла, Европската Унија воспостави SAFA програма, која се состои од спроведување, од страна на секоја земја–членка, на инспекциски прегледи на платформа, било да се по случаен избор или се согласно однапред утврдена програма, на воздухоплови кои им припаѓаат на странски оператори на аеродроми преку нејзината територија.

Секоја земја–членка на Европската Унија ги внесува во единствена европска база на податоци сите податоци од таквите инспекциски прегледи заради консултации. Преку централизацијата на управувањето со податоците им се овозможува како на земјите–членки, така и на централизираната европска структура (Европската комисија, EASA и др.) да вршат анализи.

АЦВ учествува во работата на Комитетот на Европската комисија за безбедност на воздушниот сообраќај, кој е одговорен за управувањето со SAFA програмата.

Важечката правна рамка за SAFA програмата се состои од:

1. Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012 на Комисијата, од 5 октомври 2012 година;

2. Прифатливите средства за придржување (AMC) и Материјалот со упатства (GM) од Дел–ARO и
3. Инструкциите за инспекциските прегледи што се однесуваат на категоризацијата на наодите од инспекциските прегледи на платформа (SAFA/SACA) – INST.RI.01/002, одобрени на 18 ноември 2015 година.

7.1.3. Систем за издавање на уверенија, одобренија и дозволи

АЦВ е одговорна за издавање на уверенија, одобренија, дозволи и други исправи на субјектите на воздухопловната индустрија и на персоналот во воздухопловството, како и за регистрација и евиденција на воздухоплови, аеродроми, терени, препреки и друго.
Сите уверенија, одобренија, дозволи и други исправи поврзани со безбедност на воздухопловството на субјектите на воздухопловната индустрија и на персоналот во воздухопловството АЦВ ги издава согласно Законот за општа управна постапка.

7.1.4. Надзор врз безбедноста

АЦВ е одговорна за спроведување на надзор врз безбедноста и преземање на мерки кои се однесуваат на операторите на воздухоплови, здравствените услуги, организациите кои вршат производство, проектирање и одржување на воздухоплови, давателите на ATM/ANS услуги, операторите на аеродромската инфраструктура и давателите на аеродромски услуги, како и работењето и обуките на нивниот персонал.
Начинот на вршење на надзор врз безбедноста и преземање на мерки е пропишано во Десеттиот дел - Надзор од Законот за воздухопловство и во подзаконските акти од областа на надзорот односно во:

-Правилник за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на летачки операции, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор на летачки операции;

-Правилник за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на стручното оспособување на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор;

-Правилник за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на здравствената способност и на вршењето на здравствените прегледи на персоналот во воздухопловството;

-Правилник за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на воздухоплови, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор на воздухоплови;

-Правилник за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на аеродроми, леталишта, терени и на давањето на аеродромски услуги и посебните услови кои треба да ги исполнува инспектор и

-Правилник за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши надзор на давањето на услуги на воздухопловна навигација.

7.1.5. Внатрешна проверка/обезбедување на квалитетот на SSP

АЦВ одржува систем на добро управување и постојано подобрување на своите активности со воспоставување на систем на соодветни проверки и обезбедување на квалитетот во согласност со прирачниците за внатрешна безбедност и квалитет. Во врска со оваа, и во согласност со важечките прописи кои се однесуваат на системот за управување со барањата на воздухопловните власти (Authority Requirements), АЦВ

врши внатрешни контроли на клучните процеси и процедури со цел следење на соодветноста на процедурите и усогласеноста на системот за управување со соодветните барања. Покрај фактот дека внатрешните контроли имаат за цел навремено откривање и елиминирање на можните неусогласености на системот, тие исто така се извор на информации што и олеснуваат на АЦВ да ги идентификува потребните подобрувања, да ги намали системските ризици и да ја зголеми ефикасноста.

7.1.6. Надворешна проверка/ревизија на SSP

ICAO преку нејзиниот приод за континуирана контрола (CMA) ја прегледува SSP на Република Северна Македонија. АЦВ има активна улога во поддршката на овие контролни процеси, кои се изготвени согласно Док. 9735 на ICAO – Прирачник за континуирано следење на универзалната програма за ревизија на надзорот врз безбедноста (Universal Safety Oversight Audit Programme – Continuous Monitoring Manual).

7.2. Прибирање, анализа и размена на податоците за безбедност

7.2.1. Систем за пријавување на настани

Пријавите за настани поврзани со безбедноста во воздухопловството се прибираат во АЦВ, се класифицираат и заведуваат во системот ECCAIRS и соодветно се обработуваат. Одборот за безбедност се состанува по потреба, а најмалку на секои три месеци, за да ги разгледува обработените пријави во насока на утврдување на потребата од донесување на одредени препораки за безбедноста или оперативни директиви.

Системот за пријавување на настани во Република Северна Македонија е утврден во Законот за воздухопловство и Уредбата за принципите по кои се води истражувањето на несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани на цивилни и државни воздухоплови, начинот на нивното пријавување, како и формата, содржината, начинот на водење на евиденцијата и начинот на издавањето и одземањето на службената легитимација на истражителите. Настаните кои треба задолжително да се пријавуваат се наведени во Прилог 1 кон оваа уредба, а податоците за настаните кои се добиваат преку извештаите за безбедноста во воздухопловството се користат согласно начелата на културата на правичност: не се преземаат никакви правни постапки за случаите на непланирани или ненамерни прекршоци кои пристигнуваат до надлежните органи како резултат на придржување кон условот за пријавување на настани, освен доколку станува збор за кривично дело.

Во случај на умисла или небрежност, АЦВ или Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти треба да го известат надлежниот орган за примена на мерки. Доброволно пријавените отстапувања не се гонат доколку не станува збор за груба небрежност. Согласно основните правила за управување со безбедноста, давателите на услуги исто така треба да го испитаат секој настан во нивното работење и да ги преземат потребните корективни мерки без оглед на тоа дали надлежниот орган презема некоја активност. Доверливоста на информациите за настаните и обврската да се обезбеди доверливост/тајност за сите административни службеници се обезбедува со Законот за заштита на личните податоци. Со воспоставениот систем за доброволно пријавување на инциденти се штити изворот од кој се добиени информациите.

7.2.2. Систем за доброволно/доверливо пријавување

Доброволното пријавување се врши согласно Регулативата (ЕУ) бр. 376/2014 преземена со Уредбата за принципите по кои се води истражувањето на несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани на цивилни и државни воздухоплови, начинот на нивното пријавување, како и формата, содржината, начинот на водење на евиденцијата и начинот на издавањето и одземањето на службената легитимација на истражителите. Системот за доброволно пријавување претставува суштински дел од еден развиен систем за безбедност во воздухопловството. Системот го надополнува, но во никој случај не го заменува, сеопфатниот и добро воден систем за задолжително пријавување на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти. Исто така, со системот треба да се надополнат и другите начини за прибирање на информации за опасностите и ризиците, како што се инспекциите и надзорот кои ги врши АЦВ како регулаторно тело.

7.3. Одредување на цели кои произлегуваат од податоците за безбедноста од надзорот извршен во области за кои постои особена загриженост или потреба

АЦВ ги следи и анализира податоците поврзани со безбедноста и ги утврдува областите на кои треба да се посвети посебно внимание, за кои се потребни корективни активности и кои се приоритет во планирањето на надзорите.
Начинот на одредувањето на целите односно областите на кои треба да се посвети посебно внимание, за кои се потребни корективни активности е пропишано со Уредбата за принципите по кои се води истражувањето на несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани на цивилни и државни воздухоплови, начинот на нивното пријавување, како и формата, содржината, начинот на водење на евиденцијата и начинот на издавањето и одземањето на службената легитимација на истражителите.

8. ПРОМОВИРАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ЦИВИЛНОТО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

8.1. Интерна обука, комуникација и доставување на информации поврзани со безбедноста во воздухопловството

8.1.1. Интерна обука за SSP, SMS и обука за безбедност

АЦВ ја одржува и подобрува професионалната стручност на својот персонал со цел да обезбеди административен стручен кадар кој го поседува потребното искуство, обука и најновите знаења кои се потребни за вршење на надлежностите. Исто така, вработените се известуваат и за тековните прашања, како што се измени на правилниците и упатствата, целите, придонесот во соработката во меѓународното воздухопловство, резултатите од истражувањата и новите појави. Понатаму, АЦВ им помага на вработените да учествуваат на надворешни обуки кои се соодветни за нивната работа.

АЦВ води документирана евиденција на обуката на административниот стручен кадар. Еднаш годишно се врши проценка на развојот на персоналот со цел да се преиспита стручноста на вработените и потребите за подобрување на општите и посебните услови за одредено работно место. Како резултат на овие дискусии, за вработените се изработуваат индивидуални планови за развој. Исто така, овие информации се земаат предвид при планирањето на распоредите за обука на организационо ниво при изготвувањето на Програмата за обука на АЦВ.

Покрај учеството на обуки, персоналот на АЦВ учествува и на надворешни национални и меѓународни настани, преку кои тие ја прошируваат својата стручност, лично или во контекст на АЦВ, или кои им обезбедуваат можности за стекнување на искуство.

8.1.2. Интерна комуникација и доставување на информации поврзани со безбедноста

Во рамките на АЦВ се организираат редовни интерни состаноци за преиспитување на безбедноста, на кои преиспитувањето на состојбата во областа на безбедноста го вршат лицата кои се одговорни за прибирање и следење на податоците за безбедност, претставниците на менаџментот и стручњаците, доколку се поканети. На овие состаноци учесниците се известуваат за состојбата во областа на безбедноста, статусот на индикаторите на ефикасноста на безбедноста, како и за секое прашање поврзано со безбедноста во воздухопловството.

Дополнително, се одржува и внатрешна резервна база на битните информации за безбедноста во воздухопловството, до која соодветниот персонал има пристап и кој се известува кога ќе се објават нови информации.

АЦВ два пати годишно треба да изготвува интерен билтен, во кој се објавуваат информации за внатрешните и надворешните измени, како и за статусот на индикаторите на ефикасноста на безбедноста и извршените анализи на безбедноста во воздухопловството.

За пријавите за настани поврзани со безбедноста во воздухопловството се води евиденција во системот ECCAIRS до кој имаат пристап вработените на АЦВ.

Директорот на АЦВ треба да одржува редовни состаноци со раководителите, инспекторскиот состав и остатокот од вработените во АЦВ заради воспоставување на позитивна култура за безбедноста во воздухопловството и промовирање и ширење на истата преку ланецот на управување.

8.2. Надворешна обука, комуникација и доставување на информации поврзани со безбедноста

8.2.1. Приод

АЦВ до NASC доставува преглед на бројот и сериозноста на пријавите за безбедност, заедно со извештај за безбедноста. Извештајот се поднесува на секои две години.

Покрај формалното, документирано промовирање на безбедноста, АЦВ организира, односно учествува на работилници, семинари и информативни состаноци со цел да се негува блиска комуникација со субјектите на воздухопловната индустрија и поттикнува дијалог и дискусија за клучни прашања поврзани со безбедноста во воздухопловството. На пример:

- семинари, работилници, информативни состаноци и други форми на настани поврзани со безбедноста кои ги организираат EUROCONTROL, EASA и други организации, а на кои може да учествуваат претставници од Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, операторот на аеродроми, ATMP/ANSP, Одделот за воздухопловство при Владата на Република Северна Македонија, спортски клубови, персоналот на АЦВ и други лица и

- два пати годишно АЦВ организира информативни состаноци преку спроведување на еднодневни посети на субјектите на воздухопловната индустрија заради известување за нови информации за безбедноста, европски директиви, нови подзаконски акти, врзани за домашната и меѓународната регулатива.

Информациите, како и новите документи, оперативните директиви за безбедност и измените и дополнувањата на подзаконските акти се објавуваат на интернет страната на АЦВ.

Со цел да се истакне безбедноста и зајакне свеста на сите внатрешни и надворешни заинтересирани страни, треба да се обезбедуваат информации и обуки за сите заинтересирани страни преку расположливите комуникациски канали. АЦВ ги испраќа информациите за препорачаните курсеви за обука до лицата за контакт во субјектите на воздухопловната индустрија. Обично тоа се курсеви кои се обезбедуваат преку утврдени извори како што е ICAO, EASA, IATA, EUROCONTROL и Академијата за воздухопловство од Сингапур.

Во врска со промовирањето на безбедноста во воздухопловството се утврдуваат следните целни групи (Заинтересирани страни во цивилното воздухопловство):

- ICAO,
- EASA,
- Министерство за транспорт,
- Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти,
- Цивилните воздухопловни власти на земјите (од соседството и други),
- Министерство за одбрана
- Министерство за внатрешни работи
- ATMPs/ANSPs (од соседството и други),
- Аеро клубови,
- Организации за обука за летање/одржување (авиони и хеликоптери, балони,едрилици),
- Комерцијални оператори (авиони и хеликоптери),
- Оператори со балони,
- Организации за проектирање и производство (DOA/POA),
- Организации за одржување,
- Оператори на аеродроми,
- Организации за земски услуги/опслужување на земја,
- Персонал со дозволи (пилоти, техничари, контролори),
- Под–изведувачи,
- Инженери за одржување на воздухоплови,
- Здравствени установи за преглед на персонал во воздухопловството и
- Јавноста на Република Северна Македонија (градоначалници, претседатели на месни заедници итн.)

8.2.2. Надворешна помош за обука/школување за SMS и SSP

АЦВ организира работилници за заинтересираните страни, на кои исто така се изнесуваат битни информации за измени и дополнувања во постоечката правна рамка од областа на воздухопловството и други информации од значење за безбедноста. Во случај на поголеми измени во одредена област, АЦВ организира специјално наменети состаноци на кои ги поканува засегнатите субјекти на воздухопловната индустрија на која се однесуваат тие измени.

8.2.3. Надворешна комуникација и доставување на информации поврзани со безбедност

АЦВ на најразлични начини комуницира со сите заинтересирани страни во воздухопловството. Важни информации поврзани со безбедноста се содржат во годишниот извештај на АЦВ.

9. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а по претходно добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 10-887/1
28-05-2026 година

Скопје

Директор на Агенција за цивилно воздухопловство,

Драги Стојаноски